Врз основа на член 141 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009 и 48/2010), член 205 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.38/2005), Градоначалникот на Општина Свети Николе го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

На Друштво за производство, трговија и услуги "Градинар" АД Свети Николе му се издава дозвола за усогласување со оперативен план.

**Образложение**

ДПТУ "Градинар" АД Свети Николе на ден 22.01.2009 година до Општина Свети Николе поднесе Барање за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план бр. 0302-05 од 22.01.2009 година. По разгледување на поднесеното Барање и пропратната документација, Одделението за урбанизам и заштита на животната средина при Општина Свети Николе констатира одредени недостатоци, па со допис – заклучок бр.1103-85/2 од 04.02.2009 година побара во рок од 60 дена да изврши дополнување на барањето.

Во текот на месец април и месец јуни 2010 година до Општина Свети Николе доставени се Извештај за извршени мерења на штетни материи во атмосферата и Извештај за измерена бучава во инсталацијата АД Градинар Свети Николе.

Од страна на Општина Свети Николе се изготви Нацрт – Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-47/2 од 07.06.2010 година и истиот се достави до ДПТУ "Градинар" АД Свети Николе, со покана за состанок за водење на преговори.

На 14.07.2010 година е изготвен записник од состанокот на преговарачките тимови на Општина Свети Николе и АД Градинар Свети Николе во врска со мерките од оперативниот план по нацрт – дозволата за усогласување со оперативниот план.

По завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, Општина Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев